# ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НОЕМВРИ

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : Литература творење и изразување**

| **содржини<br>(и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови<br>и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| ***ЛИРИКА***<br>**Анализа на лирските песни според мотивот и стилското изразување**<br>*(пејзажна, патриотска песна; рима, ономатопеја, епитет, компарација, персонификација)* | Ги наведува стилските фигури (рима, ономатопеја, **епитет**,компарација, персонификација и ги илустрира со примери. )<br>Препознава и именува стилски фигури во лирски песни. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот на таблата има истакнато цвет учениците треба на секој лист од цветот да напишат збор со кој ќе го украсат цветот и ќе му дадат поголема сликовитост.<br><br><br>Наставникот ги наведува дека во литературните дела придавките имаат функција да го украсат, да го разубават зборот, да придонесат за неговата сликовитост и да му придадат нови значења во литературата. Употребувајќи одбрани разни зборови и изрази поетите на мислата и даваат разни форми. На тој начин настануваат изразни средства кои имаат преносно значење што е од посебна важност за јазикот на литературата.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>1. Се чита песна („Цветови“ од Славко Јаневски). Учениците во групи ги | - Слика<br>-Наставни листови<br>-Песни<br>-Библиотека во училницата и училишна библиотека | - Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- Усната презентација<br>Групни практични изведби – групна презентација |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | пронаоѓаат зборовите кои им придаваат нови и необични значења на именките и презентираат и го откриваат поимот **епитет** преку насочувачки прашања од страна на наставникот.<br>*Кои зборови стојат до именките? Зошто служат тие? Што откриваат придавките за именките до кои стојат, односно за предметите означени со тие именки?*<br>**2.** Се изведуваат заклучоци за епитет<br>✓ Епитет е изразно средство односно збор што најчесто стои пред или зад именката и открива некоја битна особина на предметите, односно на појавите искажани со именката. Со други зборови епитетот е украсен додаток на именката.<br>✓ Примери: <u>детски</u> (очи) <u>црвена мајска</u> (роза), (пушка) <u>огнена</u><br>✓ Епитетот најчесто се искажува со придавка, но тоа не значи дека и именките не можат да вршат улога на епитет<br>Изникна **јавор** дрво сред ливада.<br>✓ Епитот може да се удвои :<br>Крај <u>бистра</u> вода <u>студена.</u><br>✓ Епитет може да биде<br>• **банален (обичен):** *стара* баба, *сладок* мед<br>• **постојан:** *лута* змија, *пуста* туѓина | | |

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td></td>
<td>
<ul><li>алогичен епитет (несекојдневен и необично истакнување на именката):морско момче, кучешки живот</li></ul>
Завршна активност – извлекување заклучок<br>
Учениците добиваат наставен лист пополнуваат табела во која треба да ги определат дадените епитети според нивната функција.<br>
Пример од наставниот лист:<br>
гајтан веѓи, бели раце, темна песна, ситна роса, стара баба, месечина зрела, влажна школка, студена вода, остра сабја, црвена крв, стара мајка, бел снег, висока сенка, дробен бисер, ноќен почин, умен мудрец, зелена гора, младо момче, црни очи, сончева кама
<table>
<tr><th colspan="3">епитет</th></tr>
<tr><th>банален</th><th>постојан</th><th>алогичен</th></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td></tr>
</table>
Учениците ги презентираат своите одговори.<br>
Рефлексија<br>
<br>
Се води дискусија по следните прашања:<br>
1) ,,Што правевме денес?“,<br>
2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>
3) „Што научивте?“<br>
4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“.
</td>
<td></td>
<td></td>
</tr>
</table>

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик
**Натавно подрачје /тема : • НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ**

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и датум на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Морфологија Именки:видови именки и граматички категории на именките** *(општи и сопствени, збирни и материјални, конкретни и апстрактни именки, граматичките категории род, број и определеност, член, членски наставки)* | Ги наведува видовите именки: општи и сопствени, конкретни и апстрактни, збирни и материјални | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците добиваат картички на кои се напишани зборови и учениците треба да ги класифицираат во табела односно да определат што се именува со зборовите:<br>*Ученик, книга, молња, мисла, мравка, стол, студ, пес, лекар, ќерамида, љубов, волк, лажица, гордост, смелост, компјутер, ден, гулаб, учител, радост.*<br>*Живи суштества* \| *Предмети* \| *Појави и поими*<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Се изведуваат заклучоци за видовите именки преку презентација , шематски се прикажани видовите именки и се дадени соодветни примери за видовите именки.<br><br><br>Учениците пополнуваат вежба во која треба да ги пронајдат именките во речениците и да ги определат по вид | - Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија<br>-картички со зборови<br>- Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,<br>-Граматика на македонскиот јазик<br>-Наставни листови | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- рефлексивните дневници;<br>- - рефлексивните дневници;<br>- -изработките/ практичните изведби |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1. Денеска Иван ми ја раскажа вистината.<br>2. Летово ќе одиме кај тетка ми, која живее во Париз.<br>3. Верверичите се многу интересни животни.<br>4. Ивана не само што ми е сосетка туку е и моја најдобра другарка.<br>5. Баба ми секоја година оди во Катлановска Бања.<br>6. Со мајка ми го посетивме салонот за мебел.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Учениците ги презентираат вежбите.<br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

resursi.literatura.mk

| Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Натавно подрачје /тема : НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Морфологија Именки: видови именки и граматички категории на Именките** *(општи и сопствени, збирни и материјални, конкретни и апстрактни именки, граматичките категории род, број и определеност, член, членски наставки)* | Го идентификува видот на именките во даден текст и наведува примери на различни видови именки. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот на таблата истакнува слика и учениците кажуваат што гледаат на сликата. Повторуваат што се именки и се повторува за видовите именки<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците се делат во групи. Секоја група добива наставен лист во кој има различни задачи: да се направи попис на сите предмети во училницата, да се набројат имињата на предметите кои се користат кога се подготвува храна, рецепт, краток текст кој изобилува со именки од некоја конкретна област – пример градежништво, или текст со попис на артикли од бутик и сл. Потоа прават табела во која определуваат кои од именките се: општи и сопствени, конкретни и апстрактни, збирни и материјални (некои од именките може да се најдат во неколку колони од табелата). Задача за учениците е да бараат што е заедничко, а што посебно за **општите и сопствените, конкретните и апстрактните, збирни и материјалните именки.**<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Заклучоците ги презентира секоја група пред паралелката.<br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања: | Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>- слика<br>-текстови<br>-наставни листови | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1) ,,Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НОЕМВРИ

| |
|---|
| Изготвил:Марија Пискачева<br><br>Адаптирал :<br><br>Предмет: Македонски јазик |
| **Натавно подрачје /тема : НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ** |

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Правописни правила Употреба на голема буква** | Правилно користи голема буква на секој дел кај сопствените именки; голема почетна буква само на првиот дел од називот и на други составни делови ако претставуваат имиња. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот на учениците им задава реченици во кои ќе треба правилно да употребат голема буква.<br>1. Господине велковски, ве известуваме дека вашиот предмет е решен во согласност со законот за средно образование на република северна македонија.<br>2. Денес во домот на културата во битола премиерно ќе биде изведена театарската претстава „легендата за дедо мраз“.<br>3. широк сокак е најпознатата улица не само во битолско туку и во цела македонија.<br>4. илинденското востание било кренато на 2 август<br>Учениците ги презентираат одговорите и во дискусија се заклучува кога се користи **голема буква** при пишување на сопствените именки, особено кога имињата се составени од два збора.<br><br>**Главни активности – искуствено учење**<br>1. Наставникот на презентација ги истакнува правила од правописот на македонскиот јазик за пишување на сопствените именки. Голема буква при пишување на празници, голема почетна буква само на првиот дел од називот | -Правопис на македонскиот јазик<br><br>- Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија, | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- анализа и интерпретации на литературни текстови, |

resursi.literatura.mk

и на други составни делови ако претставуваат имиња.

| ДРЖАВИ, КОНТИНЕНТИ | ЖИТЕЛИ на држави и континенти | НАРОДИ | ГРАДОВИ села, области | ЖИТЕЛИ на градови, села, области |
|---|---|---|---|---|
| Македонија | Македонци | Македонец Македонка Македонци | Охрид | охриѓанец охриѓанка охриѓани |
| Америка | Американци | Албанец Албанка Албанци | Кичево | кичевец кичевка кичевци |
| Европа | Европеец Европејци | Французин Французинка Французи | Кочани | кочанец кочанка кочанци |
| Србија | Срби | Србин Србинка Срби | Дебар | дебранец дебранка дебрани |
| Азија | Азиец Азијка Азијци | Кинез Кинеска Кинези | Мариово (област) | Мариовец Мариовка Мариовци |
| Африка | Африканец Африканка | Бугарин Бугарка Бугари | Малешево (област) | Малешевец Малешевка Малешевци |
| Чешка и [illegible] | Чеси | Чех Чехинка | Лактиње (село) | лактинец лактинка |

2. Учениците се поделени во групи и секоја група добива да напише различни работи:
(1) пет географски имиња (со еден и два збора во името) на континенти, држави, градови, океани, езера, реки, планини, села, области, жители на градови, села;
(2) пет имиња на ученици во класот;
(3) пет презимиња на наставници кои им предаваат;
(4) пет прекари;
(5) пет имиња на планети и галаксии;
(6) пет наслови на омилени книги;
(7) пет наставни предмети;
(8) три називи на институции кои имаат повеќе зборови во називот.

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | (9)пет имиња на празници<br><br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br><br>Групите ги запишуваат одговорите на табла и заеднички се дискутира за точноста на напишаното. Во дискусија се заклучува кога се користи **голема буква** при пишување на сопствените именки, особено кога имињата се составени од два збора.<br><br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br><br>1),,Што правевме денес?“<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

<table>
<tr><td colspan="6">Изготвил:Марија Пискачева<br><br>Адаптирал :<br><br>Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="6">Натавно подрачје /тема :   Литература и изразување и творење</td></tr>
<tr><td>содржини<br>(и поими)</td><td>стандарди за оценување</td><td>часови<br><br>и датум на реализација</td><td>сценарио за часот</td><td>средства</td><td>следење на напредокот</td></tr>
<tr>
<td>Морфологија Именки: видови именки и граматички категории на Именките<br><br>(општи и сопствени, збирни и материјални, конкретни и апстрактни именки, граматичките категории род, број и определеност, член, членски наставки)</td>
<td>Ги идентификува и ги наведува формите за род и број наименки и колебливоста на родот кај именките во даден текст.</td>
<td>1</td>
<td>Воведна активност – активирање на предзнаењата<br><br>Составување мрежа на темата за именки<br><br>Главни активности – искуствено учење<br>Учениците добиваат  зборови и ги подредуваат  во тетратките според дадената табела: сестра, брат, коса, пиле, цвеќе, авион, мотор, езеро, теле, заб, маж, жена, дете, прозорец, учителка, куќа, дедо, баба, леб, книга<br><br>
<table>
<tr><td colspan="2">Машки род</td><td colspan="2">Женски род</td><td colspan="2">Среден род</td></tr>
<tr><td>ЕДЕН</td><td>МНОГУ</td><td>ЕДНА</td><td>МНОГУ</td><td>ЕДНО</td><td>МНОГУ</td></tr>
<tr><td>еднина</td><td>множина</td><td>еднина</td><td>множина</td><td>еднина</td><td>множина</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
</table>
<br>Неколку ученици ги читаат примерите пред сите.<br>Учениците се поделени во парови и добиваат наставен лист на кој е напишан текст, пример:</td>
<td>-Техники на учење<br>-бела табла<br>-Граматика на македонскиот јазик<br>- Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал<br>-наставен лист</td>
<td>- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- рефлексивните дневници;<br>-</td>
</tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Владо седеше покрај огнот на плажата каде што имаа забава. Одеднаш забележа дека нараквицата на Мери беше во **жарта**. О, како да ја спаси? Зеде стапче и ја пренесе на безбедно во сувиот **песок.** Но потоа кога сакаше да ја допре, нараквицата беше пожешка од **жар**. Ја фрли и падна назадечки во **песокта**. На наставниот лист задебелени се: песок, песокта, жар, жарта. Учениците имаат задача да го одредат родот кај именките<br><br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Се дискутира и се презентираат одговорите. Учениците заклучуваат дека кај одредени именки во македонскиот јазик има колебање во родот, односно дека се двородови именки. Други именки со колебање во родот се: пепел, вар, прав, кал, жал...<br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Изготвил:Марија Пискачева

Адаптирал :

Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : Литература и изразување и творење**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови<br><br>и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Лирика**<br><br>**Анализа на лирските песни според мотивот и стилското изразување**<br><br>*(пејзажна, патриотска песна; рима, ономатопеја, епитет,* ***компарација,*** *персонификација)* | Ги наведува стилските фигури (рима, ономатопеја, епитет,**компарација,** персонификација и ги илустрира со примери. )<br><br>Препознава и именува стилски фигури во лирски песни. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците добиваат наставен лист во кој треба да го решат анаграмот со цел да се открие изразното средство кое ќе го учиме на часот. Под секоја слика ја пишуваат првата буква од зборот (сликата која ја гледаат)<br><br>К О М П А Р А Ц И Ј А<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците работат самостојно. Добиваат песна ,,Бојата на потокот“ од Глигор Витез во која има компарации, секое ко или како во песната е потенцирано.<br>Се дискутира за изразите од зборови кои се поврзани со ко или како.<br>Изразното средство со кое се врши споредување меѓу некои предмети, суштества или појави според некоја нивна заедничка или слична особина се вика СПОРЕДБА или КОМПАРАЦИЈА. | -Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>-Библиотека во училницата<br>-Училишна библиотека<br>-техники на учење | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- -изработките/ практичните изведби |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Бојата на потокот -Глигор Витез**<br><br>До потокот в горада што тече<br>претпазливо пријде еден елен<br>и откога пивна вода, рече:<br>,,**Ко** гората потокот е зелен".<br><br>Низ полето потокот се лее<br>под синото небо гордо оди,<br>ластовичка в летот песна пее:<br>,,**Ко** небото потокот е модер".<br><br>И потокот молкома си тече<br>облаците бели пат му крилат,<br>пеперуга бела тихо рече:<br>,,Глеј, потокот е бел **како** свила".<br><br>Штом ѕвезди ќе пламнат тивка вечер<br>и штом денот бои свои ќе згаси,<br>плашливата срна, пак, ќе рече:<br>,,Глеј, потоков ѕвездите го красат!"<br><br>Заклучоците за компарација наставникот ги истакнува на презентација.<br>https://mac-makedonskijazik.blogspot.com/2014/02/blog-post_3223.html<br>Заклучоците за стилската фигура **компарација** се запишуваат во тетратка.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Наставникот им задава листови во кои има извадоци од песни со стилското изразно средство компарација. Учениците пронаоѓаат компарација во извадоци од песни и ја објаснуваат.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) ,,Што правевме денес?“,<br>2),, Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ**

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и датум на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Улогата на новинарството** *(вести, мислења, новинар, новинарство, етички стандарди, непристрасност и балансираност)* | Наведува примери за информативни содржини и примери за содржини во кои се изнесува мислење<br><br>Ја објаснува улогата на новинарството во општеството. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот претходниот час им задал домашна работа на учениците да ја истражат најактуелната тема во нивното опкружување и да напишат новинарски извештај или да напишат текст на таа тема!<br>Преку техника бура на идеи се повторува наученото за улогата на новинарството.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците ги презентираат своите текстови, се води дискусија за напишаното.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>По завршената активност учениците ги пополнуваат листите за самооценување со цел учениците реално да ги проценат своите можности колку се подготвени да пишуваат вакви видови на текстови (новинарски извештаи) | - Техники на учење<br>-Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,<br>-новинарски извештаи | -усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>-поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>-домашни задачи<br>-придонес во извлекување на заклучоците.<br>-рефлексивните дневници;<br>-изработките/ практичните изведби<br>-листи за самооценување |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Име и презиме ____________________<br><br>**<u>Самооценување на домашна задача -Јас -НОВИНАР ИСТРАЖУВАЧ</u>**<br><br>Кои беа моите задачи при изработката на оваа задача ?Што сработив?<br>____________________<br>____________________<br>____________________<br>____________________<br>__________-<br>____________________<br><br>Што научив од оваа задача?<br>____________________<br>____________________<br>____________________<br>____________________<br>____________________<br>__________-<br>____________________<br><br>Што ми беше тешко, а што лесно при изработката на овој новинарски извештај?<br>____________________<br>____________________<br>____________________<br>____________________<br>____________________<br><br>Учениците ги презентираат своите одговори во листите. Се води дискусија по напишаното.<br><br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) ,,Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Морфологија Именки: видови именки и граматички категории на Имените** *(општи и сопствени, збирни и материјални, конкретни и апстрактни именки, граматичките категории род, број и* ***определеност, член, членски наставки****)* | Ја објаснува улогата на членската наставка кај имениците и ги наведува трите форми на членските наставки според родот и бројот на имениците. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците ја пополнуваат мисловната мапа за именки<br><br><br>**Главни активности – искуствено учење**<br>1. Наставникот на таблата има истакнато 2 реченици со нагласени именки.<br>• Еден многу убав **цвет**, почнал да венее.<br>• Ветрот одлетал и ги собрал последните воздишки од **цветот**.<br>Се поведува дискусија по што се разликуваат нагласените зборови во речениците. Се изведуваат заклучоци за граматичката категорија определеност кај имениците.<br>*Означување на веќе познати суштества (предмети или појави) се прави со членски наставки и се нарекува определеност на именката (или членување).*<br>Наставникот ги истакнува членските наставки на имениците за 3 рода во еднина и множина: | - Техники<br>- Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,графички организатори<br>- Граматика на македонскиот јазик<br>- техничка опрема во училницата (видео бим)<br>-Слики, постери | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>- -домашни задачи |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ♦ При определување (членување), на именките им се додаваат овие членски наставки:<br><br>**еднина: -от, -ов, -он** (за машки род): **денот**, **денов**, **денон**;<br>**множина: -те, -ве, -не** (за машки род): **деновите**, **деновиве**, **деновине**;<br><br>**еднина: -та, -ва, -на** (за женски род): **вратата, вратава, вратана**;<br>**множина**: **-те**, **-ве**, **-не** (за женски род): **вратите, вративе, вратине**;<br><br>**еднина**: **-то**, **-во**, **-но** (за среден род): **детето**, **детево**, **детено**;<br>**множина**: **-та**, **-ва**, **-на** (за среден род): **децата**, **децава**, **децана**.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>На таблата се поставени слики, постери и слично, од каде може да се види дека именките се визуелно претставени со различна оддалеченост од говорителот. Учениците создаваат свои примери, реченици во кои ги употребуваат именките со различни членски наставки. Читаат и коментираат што означуваат: -ов, -ва, -во, -ве и кога се употребуваат (блиску до тој што зборува), -он, -на, -но, -не и кога се употребуваат (далеку од тој што зборува), -от, -та, -то, -те и кога се употребуваат (пред тој што зборува).<br><br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) ,,Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

resursi.literatura.mk

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ**

<table>
<tr><th>содржини<br>(и поими)</th><th>стандарди за оценување</th><th>часови<br>и датум на реализација</th><th>сценарио за часот</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr>
<td>Морфологија<br>Именки: видови именки и граматички категории на Именките<br>(општи и сопствени, збирни и материјални, конкретни и апстрактни именки, граматичките категории род, број и определеност, член, членски наставки)</td>
<td>Правилно ги користи членските наставки при изразување на просторната определеност во збировните изрази</td>
<td>1</td>
<td>Воведна активност – активирање на предзнаењата<br>На таблата наставникот има истакнато примери од членувани и нечленувани именки, а учениците ги разгледуваат примерите и прават свои заклучоци.<br>Главни активности – искуствено учење<br>Учениците добиваат текст заситен со именки.<br>ОБЛАЦИ<br>Стои Јасминка на балконот и замислено гледа во растурените облаци на небото. Чудно и е. Првпат во животот виде дека облаците се движат. Радосно подрипнува на столот и постојано му вика на својот брат:<br>- Бате, облаците одат!<br>- Одат зашто ги гони ветерот.<br>- А зошто ги гони?<br>- Оти се лесни. Ги носи каде што сака - вели Младенчо.<br>- А каде ги носи?<br>- Не знам.<br>- Бате, прашај го ветрот!<br>- Ветрот не може да се праша - вели Младенчо.<br>- Тогаш, кој ќе ни каже каде ги носи? - прашува Јасминка.<br>- Учителката - вели Младенчо.<br>Тихо НАЈДОВСКИ<br>Учениците ги класифицираат именките од текстот во табела<br><table><tr><th>Членувани нечленувани</th><th>Нечленувани именки</th></tr><tr><td></td><td></td></tr></table>Учениците ги презентираат своите одговори<br>Завршна активност – извлекување заклучок<br>Учениците работат во парови. Извлекуваат неколку картички со именки. Задачата е едниот ученик да влече картичка и да му ја прочита</td>
<td>- Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,графички организатори<br>- Граматика на македонскиот јазик<br>- Техничка опрема во училницата (видео бим)<br>-Наставни листови<br>-картички со именки</td>
<td>- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>-</td>
</tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | именката на другиот. Тој да ја членува и да ја запише во тетратката, а потоа и да го определи родот и бројот кај истата. Потоа учениците си ги заменуваат своите улоги. Неколку пара ученици ги запишуваат одговорите на таблата образложувајќи ги граматичките категории кај именките<br><br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1),,Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ**

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и датум на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Активности за следење на постигањата на учениците од морфологија (именки) *(општи и сопствени, збирни и материјални, конкретни и апстрактни именки, граматичките категории род, број и определеност, член, членски наставки)* | Го анализира, проценува , подобрува и применува сопственото учење од стандардите од морфологија – (именки ) | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот ја подготвил активности за следење на учениците, ги спроведува вежбите. Наставникот обезбедува работна атмосфера, дава појаснување на часот (уредност, ракопис-читлив, обмислување, па пишување на одговорите).<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Следење на работата на учениците.<br>Наставникот дава соодветна помош доколку не влијае на самостојната примена на знаењата на ученикот.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Заедничко вреднување (под водство на наставникот) на вежбите според тоа колку добро ги усвоиле знаењата од комуникација (елементи и видови). Оценување и проверка на одговорите.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) ,,Што правевме денес?“,<br>2) ,,Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | Наставни листови<br>Квизови<br>Тестови на знаења | • Усните одговори на прашања поставени од наставникот или соучениците;<br>• Одговори дадени во наставни листови;<br>• Практични вежби (читање, пишување);<br>• Домашни задачи;<br>• Одговори на квизови или тестови. |

resursi.literatura.mk

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик
**Натавно подрачје /тема : Литература и изразување и творење**

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и датум на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Лирика**<br>**Анализа на лирските песни според мотивот и стилското изразување**<br>**(***пејзажна, патриотска песна; рима, ономатопеја, епитет, компарација,* ***персонификација)*** | Ги наведува стилските фигури (рима, ономатопеја, епитет,компарација, **персонификација** и ги илустрира со примери. )<br><br>Препознава и именува стилски фигури во лирски песни. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците ја пополнуваат мисловната мапа за стилски изразни средства<br><br><br>**Главни активности – искуствено учење**<br>1. На презентација е истакнат извадок од песната,,Глас од Македонија" од Коле Неделковски.<br>*,,... Та Шар и Пирин дружно да викнат*<br>*родната песна в небеса темни*<br>*и бурниот Егеј - на век да плиска*<br>*тешкиот глас на новите химни.*<br>Наставникот поведува дискусија со учениците<br>Што очекува поетот од планините Шар и Пирин? Што треба да прави бурниот Егеј? Какви предмети се тие? Можат ли да го направат тоа што поетот го очекува од нив? Зошто не можат? Какви особини им дал поетот? | -Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,графички организатори<br>- Библиотека во училница, училишна библиотека.<br>-Техники на учење<br>-картички | усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>придонес во извлекување на заклучоците;<br>-домашните задачи рефлексивните дневници;<br>-презентација на изработките<br>-пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на литературни текстови |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Се изведуваат заклучоци: Не можат да викнат, запеат песна, да пее нови химни Егејското Море. Не можат во вистинска смисла да ја исполнат желбата на поетот.Не можат бидејќи не се живи суштества, а сепак поетот им дава особини на живи суштества. Тој ги **персонифицира** односно се послужил со стилското изразно средство **персонификација.**<br>Персонификација е изразно средство со кое на предметите, природните појави и на апстрактните поими им се придаваат човечки особини.<br>2. Учениците добиваат картички со зборови (именки и глаголи). Работејќи во групи, треба да ги поврзат именките со глаголите за да добијат необични искази. На пр. Ја поврзуваат именката облак со глаголот плаче и така го добиваат исказот: Облакот плаче, сунѓерот тагуваше, градот спие...<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Се чита песна („Кој знае како и кога“ од Петре М. Андреевски. Се интерпретира песната според учените книжевнотеориски поими. Работејќи во група, учениците ги пронаоѓаат стиховите во кои сонцето е оживеано, односно стиховите во кои му се придаваат човечки особини и со тоа се дефинира поимот персонификација. Се води дискусија по следните прашања:<br>1) ,,Што правевме денес?“,<br>2) ,,Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НОЕМВРИ

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : Литература и изразување и творење**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Епика во проза Структурни елементи на прозен текст (***раскажувач, видови на раскажувачи, раскажување, тема, мотив, лик, време, простор, идеја)* | Разликува раскажувач од автор/писател во дадено прозно дело. Разликува раскажувач во прво лице (јас) и раскажувач во трето лице (тој). | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците ја пополнуваат мисловната мапа за ЕПИКА<br><br><br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците работат во групи. Групите добиваат извадоци од текстови и наставен лист. | -Библиотека во училница, училишна библиотека.<br>- Книги<br>- материјал, паноа<br>- Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија<br>-техники на учење, | -усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>-поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>-придонес во извлекување на заклучоците.<br>-домашните задачи;<br>-рефлексивните дневници;<br>-изработките/ практичните изведби |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Значи зимата кога јас имав десет години...Еден ден се качив во таванската соба.Буричкав низ фиоките и со едно ги меркав теглите со слатко.Носот почна да ми се лади од дишењето студен воздух и почнав со повеќе внимание да ги разгледувам теглите.Морав брзо да пронајдам барем една со некаква ,,мана“-за да ја отвориме.Најчесто измислував дека некоја почнала да се расипува, дека малечката точка што само јас ја гледам е почеток на мувла.Баба само ќе се насмевне и нормално-и БЕЗ ГОСТИ, само за мене, ќе отвори чичка нова тегла и покрај намќорестите мрморења на баба баба!<br>(,,Мојот пријател А“- Ј.Владова)<br>Си живеел еднаш некој принц што сакал да се ожени за принцеза, но со вистинска принцеза. Го обиколил сиот свет барајќи таква принцеза, но никако не бил задоволен.Принцези имало многу, но ни за една не бил уверен дека е таа вистинската принцеза.Секогаш нешто му пречело.<br>(,,Принцезата на зрно грашок“-Х.К.Андерсен)<br>Барбара веќе долго време сакаше д дознае нешто за стариот чичко и за тоа зошто живееше далеку од сите други луѓе.Никој немаше добар збор за него, а кога луѓето зборуваа за него, не зборуваа отворено, туку како да се плашат. Тој не можеше да им биде чичко на сите луѓе во селото, но , со оглед на тоа што сите го нарекуваа така, и таа го правеше истото. На Барбара, која дојде да живее во селото кога се омажи ѝ беше мило што ќе може да добие повеќе информации од својата пријателка.Дета беше родена таму, но по смртта на мајка ѝ мораше да замине на друго место а да заработува за живот.<br>(,,Хајди“-Ј.Шпири)<br>Во групите учениците го пополнуваат наставниот лист | | |

resursi.literatura.mk

1.Кој раскажува во извадоците?
А.__________________ Б.________________________В.________________________

2.Какви податоци за раскажувачите се добиваат од текстовите?
А.______________________________________________________________________
Б.______________________________________________________________________
В.______________________________________________________________________

3.Кој текст дава повеќе податоци за раскажувачот?
________________________________________________________________________

4.Издели ги глаголите од извадоците,забележи ги разликите меѓу нив и определи во кое лице е раскажан текстот.

| А. | Б. | В. |
|---|---|---|
| | | |

5.Кој раскажувач од извадоците знае сѐ за настаните што ги раскажува?
6.Во кој извадок раскажувачот ги следи настаните, но не е директен учесник?

Учениците ги презентираат одговорите се поведува дискусија за раскажувач, раскажување.

**Завршна активност – извлекување заклучок**

Раскажувач или наратор името потекнува од латинскиот збор naratio - што значи, раскажува, прикажува

Раскажувачот може да раскажува во прво лице и во трето лице!

Раскажувачот во прво лице раскажува за настаните како нему да му се случиле.

Раскажувачот во трето лице, сѐзнаечкиот раскажувач има увид во настаните кои им се случуваат на ликовите.

Раскажувачи можат да бидат и
*животни, предмет, натприродно суштество и слично.

Раскажувач и автор не е исто!

Авторот создава раскажувач, иако и самиот може да биде раскажувач!

Учениците согледуваат дека раскажувачот и авторот не се исти, и дека во секој раскажувачки текст има лик кој е **раскажувачот** и дека само понекогаш тој е еднаков на **авторот.**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) ,,Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

<table>
<tr><td colspan="6">Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="6">Натавно подрачје /тема : ЛИТЕРАТУРА И ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ</td></tr>
<tr><th>содржини<br>(и поими)</th><th>стандарди за оценување</th><th>часови<br>и датум на реализација</th><th>сценарио за часот</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr><td>Епика во проза<br>Структурни елементи на прозен текст<br>(раскажувач, видови на раскажувачи, раскажување, тема, мотив, лик, време, простор, идеја)</td><td>Ги наведува елементите на прозен текст.</td><td>1</td><td>Воведна активност – активирање на предзнаењата<br>Учениците пишуваат текстови по дадени прашања:<br>1. Колку е часот кога ѕвездите не сонуваат?<br>2. Кога последно сум се насмевнал/а слатко од срце?<br>3. Како да стигнам на месечината која раскажува приказни?<br>4. Кога ќе ја почувствувам сладоста на ветрот?<br>5. Што последно сонував?<br>Учениците ги пишуваат расказите и ги читаат<br>Се поведува дискусија<br>1. Во која литературна форма е напишан расказот?<br>2. Според формата, на кој литературен род припаѓа расказот?<br>3. Во кое лице е раскажан текстот кој го напишавте?<br>4. Колку ликови има во текстот?<br>Главни активности – искуствено учење<br>Учениците се поделени во групи. Секоја група добива наставен лист во кој има: расказ ,,Небесните убавици и сонцето“ - Ц.Андреевски<br>Во наставниот лист дадени се прашања во врска со тоа дали дадениот текст: раскажува, претставува или изразува? Учениците ги пишуваат одговорите и потоа ги читаат пред</td><td>- -Библиотека во училница, училишна библиотека.<br>- Текстови<br>- Наставни листови</td><td>-усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>-поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>-придонес во извлекување на заклучоците.<br>-домашните задачи;<br>-рефлексивните дневници;<br>-изработките/ практичните изведби<br>-презентација на добиени податоци од истражување во групи</td></tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | параделката заедно со извадокот во наставниот лист.<br>1. Преку кого се дознава за содржината на расказот?<br>2. Колку настани се раскажани во текстот?<br>3. Во кое лице раскажува раскажувачот во текстот?<br>4. Раскажувачот во овој текст настаните ги раскажува како сведок во нив или како настани што му се раскажани?<br>5. Кои ликови водат разговор?<br>6. Кој вид раскажување го користи раскажувачот во текстот?<br>7. Кој друг литературен род е застапен во расказот?Посочи го.<br>8. Опиши каква невеста сакала Сонцето.<br>9. Колку ликови има во расказот?<br>10. Наведи ги ликовите во расказот.<br>11 .Подели го расказот на пасуси и дај им наслови на пасусите.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Се отвора дискусија за **карактеристиките на прозен текст** (раскажувањето, описи, настани, ликови, должина на раскажувањето)<br>Се изведуваат заклучоци за елементите на прозниот текст<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) ,,Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : ЛИТЕРАТУРА И ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ**

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | Часови и датум на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Правописни правила** **Употреба на интерпункциските знаци** (точка, запирка, прашалник, две точки, три точки, извичник, наводници) | Правилно ги користи интерпункциските знаци: **точка, запирка, прашалник, две точки, три точки,** извичник, наводници во писмената комуникација. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците во парови ја читаат ,,Песна за интерпункциските знаци“ од Глигор Поповски. Во секоја строфа од песната се крие по еден интерпункциски знак кој учениците треба сами да го откријат.<br>Се открива целта на часот<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците работат самостојно. Добиваат текст на кој му недостигаат интерпункциски знаци: **точка, запирка, прашалник, две точки, три точки, извичник, апостроф, наводници**. Треба да ги запишат на соодветното место.<br>https://mac-makedonskijazik.blogspot.com/2020/05/blog-post_3.html<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>На крајот од активноста добиваат по еден работен лист со точно употребени интерпункциски знаци и секој ученик ја проверува точноста на употребените знаци.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) ,,Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“, | Наставни листови Библиотека во училница, училишна библиотека Книги опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија | усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици; поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот; придонес во извлекување на заклучоците; -домашните задачи рефлексивните дневници; -презентација на изработките -практичните изведби (на пример, пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на литературни текстови |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : ЛИТЕРАТУРА И ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Епика во проза***<br>*Расказ*<br>**(***пејзажна, патриотска песна; рима, ономатопеја, епитет, компарација, персонификација)* | Ги наведува карактеристиките на расказот по кој се разликува од другите епски творби во проза | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците ја составуваат мрежата на темата за прозен текст<br><br><br>**Главни активности – искуствено учење**<br>1. Учениците самостојно читаат расказ („Вообразената точка“ од Ц. Андреевски)<br>2. По читањето на расказот учениците го пополнуваат наставниот лист за анализа на расказот:<br>• Преку кого се дознава за содржината на расказот?<br>• Колку настани се раскажани во расказот?<br>• Наброј ги белезите што овој текст го прават расказ. | Наставни листови<br>Библиотека во училница, училишна библиотека<br>Книги<br>опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија<br>-Техники на учење<br>-наставни листови<br>-Шеми и прикази на наставниот материјал | усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>придонес во извлекување на заклучоците;<br>-домашните задачи рефлексивните дневници;<br>-презентација на изработките<br>-практичните изведби (на пример, пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на литературни текстови<br>Одговори дадени во наставни листови; |

resursi.literatura.mk

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td></td>
<td>
<ul>
<li>Во кое лице раскажува раскажувачот во текстот?</li>
<li>Како е означен исказот на ликовите во текстот?</li>
<li>Кој вид раскажување користи раскажувачот во текстот?</li>
<li>Раскажувачот во овој текст настаните ги раскажува како сведок во нив или како настани што му се раскажани? Каков е раскажувачот?</li>
<li>Клучни зборови-поврзување со насловот.</li>
<li>Колку ликови има во расказот?</li>
<li>Каде се случува дејството во расказот? Посочи ја реченицата што укажува на тоа.</li>
<li>Определи ја темата на расказот.</li>
<li>Издели ги речениците преку кои можеш да ги опишеш ликовите и дадените зборови вметни ги во табелата.</li>
</ul>
<table>
<tr><th>Точка 1</th><th>Точка2</th></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
</table>
Учениците ги презентираат одговорите, се води дискусија по напишаното.<br>
Завршна активност – извлекување заклучок<br>
Се изведуваат заклучоци за расказот и елементите на расказот.<br>
Расказот е куса епска творба во која се раскажува за еден настан или еден момент од животот на главниот лик. Понекогаш може да се спомнат и други настани и ликови кои се тесно поврзани со главниот настан и лик.<br>
* ЛИКОВИ (Главни и споредни)<br>
* ТЕМА (Предметот на обработка во епска творба се вика тема)
</td>
<td></td>
<td></td>
</tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | * СОДРЖИНА (Ако го прераскажеме сѐ она што е раскажано во творбата од почеток до крај, како што е напишано во творбата тоа претставува содржина на творбата)<br>* ИДЕЈА (Основна мисла присутна во творбата, односно пораката на текстот, целта на авторот испратена до читателот)<br>* ЛОКАЛИЗАЦИЈА (Време и место, каде и кога се случува настанот)<br>Расказот е куса епска творба во која се раскажува за еден настан или еден момент од животот на главниот лик. Понекогаш може да се спомнат и други настани и ликови кои се тесно поврзани со главниот настан и лик. Расказот спаѓа во литературниот род епика и според тоа ги поседува карактеристиките на епиката<br>* ИСКАЗ НА ЛИКОТ (директен и индиректен<br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) ,,Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НОЕМВРИ

| Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Натавно подрачје /тема : ЛИТЕРАТУРА И ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Опишување** *(лик, предмет, појава, пејзаж, настан)* | Опишува ликови, личности, предмети, појави, пејзажи од реален живот или од илустрации/видеа. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Асоцијација преку асоцијација се воведуваат во наставната единица ќе опишуваат ноемвриско утро<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Во кутија се ставени ливчиња на кои се напишани: ликови (лик од цртан филм или од филм, лик од книга вештерка, самовила, Пинокио, Петар Пан),<br>пејзажи (шума во есен, езерско крајбрежје во лето, планина на друга планета), појави (паѓа снег, надојдена река, дожд од скакулци). Секој ученик влече едно ливче и го опишува во тетратка тоа што го извлекол, користејќи што е можно повеќе детали и описни придавки.<br>Неколку ученици го читаат описот наглас, а другите им даваат повратна информација<br><br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>На крајот се чита и се дискутира за содржината на описот. Се избираат најдобрите описи.<br><br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) ,,Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“, | Кутија<br>Техничка опрема во училницата<br>- Аудио – визуелни снимки; | -Усните одговори на прашања поставени од наставникот или соучениците;<br>придонес во извлекување на заклучоците;<br>-домашните задачи рефлексивните дневници;<br>-презентација на изработките<br>-практичните изведби (на пример, пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на и текстови |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : ЛИТЕРАТУРА И ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Опишување** *(лик, предмет, појава, пејзаж, настан)* | Опишува ликови, личности, предмети, појави, пејзажи од реален живот или од илустрации/видеа. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Со цел да се инспирираат учениците да пишуваат текст на зададена тема наставникот на учениците им прикажува видеа во кои се опишуваат природни појави и пејзажи<br>https://mac-makedonskijazik.blogspot.com/2020/04/blog-post_22.html<br>https://mac-makedonskijazik.blogspot.com/2020/04/o.html<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците самостојно си избираат на која тема ќе пишуваат ученички состав:<br>• Мојот најомилен лик од книга<br>• Личноста која ме воодушевува со своите постапки<br>• Битола најубава си во сите четири годишни времиња<br>• Зошто дождот така убаво мириса<br>• Снегот ми предизвикува радост<br><br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>На крајот се чита и се дискутира за содржината на текстовите. Наставникот дава свое видување колку ученикот дал одговор на темата, стилска обогатеност на речениците, на зборовите, јазични и правописни грешки. И им дава соодветни упатства на учениците за користење на тетратката за писмени работи уредно пишување, примена на правописните правила, | Техничка опрема во училницата<br>Видео бим<br>Аудио-визуелни средсва | -Усните одговори на прашања поставени од наставникот или соучениците;<br>придонес во извлекување на заклучоците;<br>рефлексивните дневници;<br>-презентација на изработките<br>-практичните изведби (на пример, пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на текстови |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | збогатување на речениците.Композиција на текстовите.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) ,,Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |